Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 29.10.2020

На 28.10.2020 во 22.50 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Центар го лишиле од слобода Ф.Ч.(30) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.10.2020 во периодот од 09.50 до 15.50 часот во Битола, при изведба на градежни работи во близина на стадионот „Тумбе кафе" биле пронајдени 459 гранати од Првата светска војна. Истите биле подигнати од страна на пиротехничари од Дирекцијата за заштита и спасување за понатамошна постапка.

На 29.10.2020 околу 01.00 часот, во тетовско Горно Палчиште, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Е.Х.(19), Р.Р.(20), Б.Ш.(20) и К.И.(21), четвориката од тетовски Пирок, затоа што при нивен и преглед на возилото „фолксфаген голф", со тетовски регистарски ознаки, што го управувал Б.Ш, а во кое тие се превезувале, била пронајдена марихуана. Четвориката се задржани во Полициската станица Тетово.

На 28.10.2020 околу 21.30 часот, на улица „Мајор Чеде Филиповски" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода 33-годишната С.Ј и 24-годишниот Н.А., двајцата од Гостивар, затоа што кај нив биле пронајдена марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе од ОЈО Свети Николе поднесе кривична пријава против Ј.Ѓ. (46) од с.Каратманово, Лозово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца " На 21.10.2020 пријавениот вршел јавен превоз без да поседува лиценца издадена од Министерството за транспорт и врски на огревно дрво со товарно моторно возило на релација с.Крушица-с.Каратманово.

На 29.10.2020 во 00.15 часот во Скопје на ул.„Самоилова", полициски службеници ја пронашле Ш.А.(14) од Скопје, за која на 25.10.2020 било пријавено дека се оддалечила од домот.

На 28.10.2020 во 08.40 часот во Полициската станица Чаир, Д.Ј.(32) од Скопје пријавил дека во населбата Радишани неговиот син бил каснат од куче скитник.

На 28.10.2020 во 08.35 часот било пријавено дека на крстосницата од ул. „Задранска магистрала" и сервисната улица „Качанички пат", се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „ауди", со скопски регистарски ознаки, управувано од Ф.И.(22) од Скопје, и патничко возило „форд", со косовски национални ознаки, управувано од Б.Ч.(54) од Р.Косово. Во незгодата, Б.Ч. се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 28.10.2020 во 21.30 часот во Полициската станица Аеродром, А.Ј.(23) од Скопје пријавил дека во близина на Железничка станица Скопје бил каснат од куче скитник.

На 29.10.2020 околу 07.00 часот на ул.„Благој Ѓорев", во близина на трговски центар во Велес, автобус со велешки регистарски ознаки, управуван од Т.Р.(59), удрил во пешак Н.Р.(38). Во незгодата, Н.Р. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во болницата во Велес, каде била пренесена за укажување на лекарска помош. Бил извршен увид на местото на незгодата.

На 28.10.2020 во 21.35 часот во СВР Скопје, И.К.(28) од Скопје пријавил дека околу 21.00 часот, во близина на трговски центар на подрачјето на Аеродром, бил физички нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.10.2020 во СВР Скопје, Г.Ј.(34) од Скопје пријавил дека на бул.„Кочо Рацин" бил каснат од куче скитник.

На 28.10.2020 околу 20.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Драчево, А.Г.(39) од Скопје физички го нападнал Р.С. (34) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

Одделението за внатрешни работи Прилеп поднесе кривична пријава против С.А.(50) од Прилеп, поради постоење основано сомение за сторени кривични дела „задоволување на полови страсти пред друг" и „запуштање и малтретирање на малолетно дете". Во период од околу три години пријавениот ја малтретирал неговата малолетна ќерка, упатувал навреди и во неколку наврати пред неа вршел полови дејствија.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против В.В.(70) од с.Слатински Чифлик - Дебрца, и У.В.(37) од с.Лескоец, охридско, поради постоење основано сомение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори", и „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материјали". На 15.05.2019 во с.Слатински Чифлик-Дебрца, во домот на првопријавениот, од полициски службеници при претрес биле пронајдени и одземени ловна пушка пумпарица „моссберг" модел 500А кал.12, пиштол „црвена застава" модел 70 кал.7,65 и 22 куршуми со различен калибар, за кои не поседувал дозвола. Додека на 15.05.2019 во с.Лескоец, на ул.„Корабица", во домот на второпријавениот, од полициски службеници при претрес била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.У.(50) од с.Теново, тетовско, поради постоење основано сомение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 03.10.2020 на локалниот пат од с.Теново – Тетово, на место викано „Џукилица",при вршење на службени дејствија полициски службеници сопреле патничко возило „голф", управувано од Н.У. од с.Теново, каде како совозач бил затекнат пријавениот, и при преглед над лицата и возилото биле пронајдени две ловечки пушки, за кои пријавениот се изјаснил дека се негови, при што за ловечка пушка „застава" М-70 кал.12 ГА поседувал дозвола и дневна дозвола за лов, а за другата ловечка пушка не поседувал дозвола.
На 28.10.2020 во 23.30 часот во Полициска станица Бит Пазар, Б.П.(19) од Скопје пријавил дека од дома се оддалечила неговата мајка Б.П.(38). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Одделението за внатрешни работи Крушево поденсе кривична пријава против С.С.(22) и М.Н.(19), двајцата од Битола, поради постоење основано сомение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекусори". Првопријавениот нелегално набавувал марихуана, амфетамин и МДМА екстази и ги продавал за однапред договорен паричен надомест, додека второпријавениот вршел продажба во корист на првопријавениот за однапред договорен паричен надомест. На 26.10.2020 во Битола, во домот на првопријавениот, полициски службеници при претрес пронашле дигитална вага, марихуана, амфетамин и мешавина од тутун и марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кавадарци поднесе кривична пријава против А.А.(27) од с.Љуботен, скопско, поради постоење основано сомение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 05.05.2019 на регионалниот пат Богданци - с.Стојаково, од полициски службеници при вршење службени дејствија, било сопрено товарно возило „фиат дукато", управувано од пријавениот, и при контрола на документите било констатирено дека, нема доказ за сопственост, ниту полномоштво за управување на истото возило. Пријавениот бил приведен во Полициска станица „Богородица" и од извршената дополнителна контрола на возилото, ВИН бројот на возилото одговарал со бројот од сообраќајната дозвола на Г.А. од с.Дебреште, гостиварско, типската налепница со ВИН бројот била остранета, а сервисната налепница во внатрешниот дел од возилото воопшто ја немало при што дел од лимот бил отстранет.
На 28.10.2020 околу 11.00 часот на подрачје на населба Ѓорче Петров, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода С.И.(22), С.Б. (23), двајцата од с.Грчец, скопско, и малолетник од с.Ласкарци, бидејќи физички нападнале полициски службеници при вршење службени дејствија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Одделението за внатрешни работи Прилеп поднесе кривична пријава против И.М.(34) од Прилеп, поради постоење основано сомение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на пандемија". На 10.09.2020, пријавениот постапил спротивно на рестриктивните мерки воведени со владината Уредба.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет